USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# Анкета за корупцијата со која се соочува приватниот сектор

*(прва анкета во рамки на проектот)*

# -Анализа на одговорите-

ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**јуни 2024 г.**

Извештајот е подготвен од:

Стопанската комора на Северна Македонија

Оваа студија е подготвена од Стопанската комора на Северна Македонија со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа студија им припаѓаат на тимот на Стопанската комора на Северна Македонија и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски држави.

**Анкета за корупцијата со која се соочува приватниот сектор**

**- Анализа на одговорите -**

**(прва анкета во рамки на проектот)**

## 1. Контекст

Една од клучните активности на приватниот сектор во рамки на проектот „Граѓаните против корупцијата“ е анкетата за корупцијата со која се соочува приватниот сектор. Постојат две основни причини за тоа.

Од една страна, спроведувањето на ваква анкета се смета за соодветна почетна точка за идентификување на главните аспекти на коруптивните „предизвици“ со кои можеби се соочува приватниот деловен сектор. Познавањето на областите во кои „се игра играта“ ќе биде од суштествено значење за формулирање делотворни антикорупциски политики и оперативни мерки со цел да се заштити деловната средина и да се обезбеди рамноправен терен за натпревар во бизнис-арената.

Од друга страна, спроведувањето анкети со исти или слични прашања неколку години по ред може да послужи и како алатка за следење и оценување на напредокот во борбата против корупцијата. Затоа, и покрај фактот што во рамките на проектот „Граѓаните против корупцијата“ се предвидени три анкети за приватниот сектор околу прашања поврзани со корупција (на крајот на првата, третата и петтата година од проектот), Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ) е подготвена да се посвети на спроведување на пет вакви анкети, за секоја година од проектот.

## 2. Методологија

- **Цел на анкетата:**

Анкетата на приватниот сектор за прашања поврзани со корупцијата е дел од сегментот 4.3 на проектот „Граѓаните против корупцијата“. Анкетата ќе понуди информации за низа аспекти на корупцијата, вклучувајќи информации за ситуациите во кои најчесто може да се појави корупција, финансиските аспекти на корупцијата, зачестеноста на коруптивните барања, местата од каде доаѓаат итн. Понатаму, спроведувањето на анкета со истите прашања во иднина може да овозможи да се добијат сознанија за насоката во која се движи борбата против корупцијата од гледиштето на приватниот деловен сектор.

- **Начин на спроведување на анкетата:**

Анкетата се спроведе користејќи само ресурси на СКСМ, односно без користење на услуги од специјализирана агенција за таа намена. Сепак, СКСМ изврши соодветни консултации со други партнери од Конзорциумот на проектот за да го искористи нивното искуство од претходни анкети. Целта на консултациите беше да се оптимизира избирањето и формулирањето на одговорите во анкетата и да се постигне општа споредливост на одговорите од граѓаните и од претставниците на приватниот сектор на исти прашања.

- **Структура на анкетата:**

Анкетата има вкупно 38 прашања, поделени во четири сегменти.

Првиот сегмент содржи 7 прашања кои се однесуваат на општиот профил на правното лице кое ја пополнува анкетата. Овие прашања треба да ги покажат основните карактеристики на компанијата како што се нејзината големина, години на работа, географската локација на седиштето на компанијата, нејзината дејност, зависноста од соработката со јавниот сектор итн.

Вториот сегмент содржи 18 прашања. Ова е клучниот столб на анкетата и се однесува на искуствата на компаниите во врска со коруптивни барања. Прашањата во овој сегмент имаат за цел да ја идентификуваат зачестеноста на коруптивните барања, што било побарано, ситуациите во кои такво нешто се случило, финансиските аспекти на барањата, реакциите на компаниите во тие околности итн. Освен нивното сопствено искуство, постојат прашања поврзани со перцепциите околу однесувањето на компании кои се слични или кои се во истата дејност. Овие прашања можат посредно да понудат одговори доколку не се првично дадени непосредно.

Третиот сегмент има 7 прашања. Тие се поврзани со борбата против корупцијата. Прашањата имаат за цел да стигнат до гледиштата за причините за корупцијата во земјата, можностите за нејзино намалување, начините на кои би се постигнало тоа итн. Дополнително, овој сегмент содржи прашања за внатрешната поставеност на компаниите во однос на превенција и борба против корупцијата.

Четвртиот сегмент има 4 прашања. Тие се поврзани со соработката на компаниите со СКСМ во борбата против корупцијата. Овој сегмент ги истакнува активностите што СКСМ ќе ги спроведе во наредниот период и ја проверува желбата на компаниите од приватниот сектор да учествуваат во нив.

Петтиот и последен сегмент има 2 прашања. Тие се поврзани со меѓународното мерење на корупцијата и степенот на познавање на тие мерења и рангирања од страна на приватниот деловен сектор.

Испитаниците ги дадоа своите одговори со избирање на еден од понудените одговори. Кај некои прашања можеа да изберат само еден од понудените одговори, додека кај други прашања можеа да изберат онолку колку што е потребно од понудените одговори. Ова значи дека немаше опција за додавање коментар.

Целта на таквиот пристап е да се поедностави процесот, а во исто време да се максимизира довербата во анкетата и нејзината анонимност, особено имајќи предвид дека ова е прва ваква анкета.

- **Примерок**

Според планираното, анкетата беше испратена до 400 приватни компании. Потребната разноликост беше обезбедена, бидејќи примерокот опфати компании со различна големина, различни сектори на македонската економија, различни географски региони каде што се наоѓаат седиштата на компаниите итн. Опфати компании чија работа е претежно ориентирана кон домашниот пазар, но и компании кои се членки на Советот на странски инвеститори во рамките на СКСМ.

Треба да се почитува тоа што компаниите-членки на СКСМ се двигателот на македонската економија. Тие генерираат 50,3 проценти од вкупните приходи и 47,6 проценти од нето добивките на приватниот деловен сектор на македонската економија, а 33,7 проценти од вкупниот број вработени во приватниот деловен сектор се вработени во компании-членки на СКСМ. Сето ова е постигнато во еден систем каде што нема задолжително членство во ниту една стопанска комора. Оттука, на анкетата одговорија компании чие мислење е мошне важно и поради нивната релативна важност за севкупното функционирање и успешност на македонската економија.

- **Период на спроведување на анкетата:**

Анкетата беше иницирана на 11 март 2024 година. Поради технички проблеми во првата седмица по „отворањето“ на анкетата, првично предвидениот период во кој компаниите можат да доставаат одговори беше продолжен, а анкетата беше затворена на 31 март 2024 година.

Анкетата се фокусира на ставовите и искуствата на компаниите само за фискалната 2023 година (јануари-декември). Идејата е да се стави фокус на одредени години во секоја од анкетите за да се олесни следењето на успехот во борбата против корупцијата.

- **Технички аспект на спроведувањето на анкетата:**

И покрај фактот што за други анкети СКСМ користеше специјализиран софтвер за електронски анкети како „SurveyMonkey“ и „Microsoft Forms“, за спроведување на оваа електронска анкета беше купен и искористен специјализираниот софтвер „Lime Survey“. На тој начин, СКСМ ја прифати препораката од другите субјекти – членови на Конзорциумот на овој проект. Исто така, се предвидува СКСМ да го користи истиот софтвер за идните анкети што ќе се спроведуваат во рамките на проектот.

Софтверот „Lime Survey“ овозможува две опции кога станува збор за анонимноста на добиените одговори преку анкетата. Едната е опција за целосна анонимност, односно СКСМ да не знае кој ги дал одговорите и какви се одговорите. Другата опција е да не се знае кој што одговорил, но да се знае кој дал или не дал одговори. Беше избрана првата опција. Затоа, кога беше испратен потсетник до компаниите да дадат одговори, тој беше испратен до сите компании. На тој начин, се избегна ситуација каде што компаниите меѓусебно би комуницирале и би се прашувале зошто некои од нив добиле, а други не добиле потсетник за да ја пополнат анкетата. Се оцени дека целосната анонимност во оваа почетна фаза од проектот за првата од предвидените анкети ќе им понуди поголема удобност на компаниите и ќе ја максимира довербата во процесот.

- **Ризици поврзани со анкетата:**

Искуството на други субјекти кои спроведуваат анкети со приватниот сектор генерално покажува дека се добива многу низок процент на одговори, често во едноцифрен размер. Ова е поради неколку причини:

- Перцепцијата на компаниите за придобивките од користење сопствени ресурси за пополнување на каква било анкета.

Ангажирањето сопствени ресурси за пополнување анкети компаниите често го перципираат како непродуктивно „изгубено“ време. Тие може да се чувствуваат обесхрабрени да се вклучат во процесот, без оглед на вистинската тема на анкетата.

- Неадекватни е-поштенски адреси на кои се испраќаат анкетите.

Многу често, при одредени анкети, прашањата се испраќаат на неперсонални е-поштенски адреси на компаниите. Ако нема ефикасен систем во рамките на компаниите за следење на електронската пошта што се прима на е-поштенските адреси на компаниите, тогаш таквите е-пошти не се проверуваат и разгледуваат.

- Конкретен ризик за добивање пристоен процент на одговори за оваа анкета беше чувствителноста на нејзината тема.

Ова беше прва анкета спроведена од СКСМ која го вклучува приватниот сектор и ја обработува темата корупција. Дополнително, прашањата во анкетата беа многу конкретни и директни по својата природа. Затоа постоеше реална опасност компаниите да не сакаат да учествуваат во анкета која бара отсуство на задршка при одговарање на многу чувствителна тема како што е корупцијата.

СКСМ беше свесна за овие ризици. Затоа беше ставен толку силен акцент на подготвителната фаза за анкетата, бидејќи таа беше оценета како критично важна за посакуваниот успех. Со цел да ги ублажи ризиците, СКСМ презеде голем број активности:

- Се одржаа многубројни состаноци со високи претставници на компаниите за правилно да се пренесе важноста на анкетата. Исто така, беше нагласено дека таа треба да биде пополнета од релевантен

претставник на компаниите кој ги има сите потребни информации за таа намена.

- СКСМ успеа да прибави е-поштенски адреси од менаџерите на компаниите. Замислата беше да се испрати анкетата до поединци кои не само што ја разбираат важноста на анкетата, туку и ги имаат сите релевантни знаења и информации што треба да ги споделат преку нивните одговори на прашањата. Често само менаџерите во врвот на компаниите ги имаат сите чувствителни информации поврзани со корупцијата кои другите вработени/менаџери можеби ги немаат. Затоа, анкетата беше испратена на однапред утврдени лични е-поштенски адреси, а не на општи е-поштенски адреси на компаниите од типот „инфо@име на компанијата“...

- СКСМ ги презеде сите потребни чекори за да ја максимира удобноста и довербата што им се нуди на компаниите во однос на анонимноста на оние кои одговорија на прашањата од анкетата. Ова се постигна со автоматизирање на процесот преку користење на специјализиран софтвер за анкети, со избирање на опцијата за целосна анонимност во софтверот и без внесување прашања во анкетата кои би барале коментари од компаниите (со тоа елиминирајќи ја можноста компаниите да бидат идентификувани поради содржината на таквите коментари), туку се потпираше исклучиво на избирање однапред утврдени одговори за секое прашање.

## 3. <u>Обработка на прашањата и добиените одговори</u>

Ова се клучните општи карактеристики на добиените одговори од анкетата:

### ➢ Одзив

Од вкупно 400 контактирани компании, анкетата беше пополнета од вкупно 138 компании. Треба да се напомни дека целосни одговори за целата анкета, односно одговори на сите прашања дадоа 75 компании, а 63 компании дадоа делумни одговори. Ако се земат предвид сите компании што дале некаков одговор, тогаш анкетата има одзив од 34,5 проценти.

Имајќи ги предвид искуствата од анкетите што го опфаќаат приватниот деловен сектор спроведени од други субјекти, како и чувствителноста на темата, процентот на одговори за оваа анкета се смета за пристоен.

### ➢ Одлука за начинот на користење на добиените одговори

Со оглед на околностите, се појави дилема како да се искористат добиените одговори. Имаше две опции на располагање. Првата беше да се земат предвид само одговорите на компаниите што ја пополниле анкетата целосно. Втората опција беше да се фокусираме на поединечните прашања, наместо на целокупните одговори. Овој втор пристап ги зема предвид сите добиени одговори за секое поединечно прашање. Следствено, различни прашања може да имаат различен број на одговори.

Беше донесена одлука да се следи вториот пристап, односно да се прифатат и анализираат сите добиени одговори за секое поединечно прашање. Логиката беше дека со следење на вториот пристап, ќе се максимира употребата на сите добиени одговори. Следствено, при анализирањето на одговорите за прашањата, процентите беа пресметани врз основа на вкупниот број на одговори за секое поединечно прашање.

## 4. <u>Наоди од анкетата</u>

### 4.1. Прашања поврзани со општиот профил на правното лице што ја пополнува анкетата

**1. Согласно со класификацијата на компаниите според нивната големина, во која категорија спаѓа компанијата за која го пополнувате прашалникот?**

- микро
- мала
- средна
- голема

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Микро | 13 | 12,15% |
| Мала | 25 | 23,36% |
| Средна | 27 | 25,23% |
| Голема | 42 | 39,25% |
| | 107 | 100,00% |

Одговорите на ова прашање покажуваат дека примерокот на компании што одговориле на анкетата има добра разноликост. Фактот што големите компании имаат најголем удел во вкупниот број на компании е очекуван, бидејќи тоа е општ одраз на најактивните компании во рамките на СКСМ. Севкупно, разноликата претставеност на компаниите, според нивната големина, е корисна за анкетата, бидејќи ги вклучува погледите околу корупцијата од сите сегменти на приватниот деловен сектор.

2. **Колку години работи компанијата?**
    - помалку од 5 години
    - меѓу 5 и 10 години
    - повеќе од 10 години

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Помалку од 5 години | 3 | 2,80% |
| Меѓу 5 и 10 години | 10 | 9,35% |
| Повеќе од 10 години | 94 | 87,85% |
| | 107 | 100,00% |

Големо мнозинство, скоро 90%, од оние што одговориле на ова прашање се компании што работат повеќе од 10 години. Тоа е позитивна карактеристика за анкетата, бидејќи овие компании имаат акумулирано искуство во однос на соочување со корупцијата и покрај фактот што анкетата ги опфаќа само настаните од 2023 година.

3. **Во која општина се наоѓа седиштето на Вашата компанија?**
    - Список на сите општини.

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Аеродром | 2 | 1,69% |
| Арачиново | 0 | 0,00% |
| Берово | 0 | 0,00% |
| Битола | 3 | 2,54% |
| Богданци | 0 | 0,00% |
| Боговиње | 0 | 0,00% |
| Босилово | 0 | 0,00% |
| Брвеница | 0 | 0,00% |
| Бутел | 2 | 1,69% |
| Валандово | 0 | 0,00% |
| Василево | 1 | 0,85% |
| Вевчани | 0 | 0,00% |
| Велес | 2 | 1,69% |
| Виница | 2 | 1,69% |
| Врапчиште | 0 | 0,00% |
| Гази Баба | 10 | 8,47% |
| Гевгелија | 1 | 0,85% |
| Ѓорче Петров | 0 | 0,00% |
| Гостивар | 0 | 0,00% |
| Градско | 0 | 0,00% |
| Дебар | 0 | 0,00% |
| Дебрца | 0 | 0,00% |
| Делчево | 0 | 0,00% |
| Демир Капија | 0 | 0,00% |

| | | |
|---|---|---|
| Демир Хисар | 0 | 0,00% |
| Дојран | 0 | 0,00% |
| Долнени | 0 | 0,00% |
| Желино | 0 | 0,00% |
| Зелениково | 0 | 0,00% |
| Зрновци | 0 | 0,00% |
| Илинден | 8 | 6,78% |
| Јегуновце | 0 | 0,00% |
| Кавадарци | 4 | 3,39% |
| Карбинци | 0 | 0,00% |
| Карпош | 10 | 8,47% |
| Кисела Вода | 2 | 1,69% |
| Кичево | 6 | 5,08% |
| Конче | 0 | 0,00% |
| Кочани | 3 | 2,54% |
| Кратово | 0 | 0,00% |
| Крива Паланка | 0 | 0,00% |
| Кривогаштани | 0 | 0,00% |
| Крушево | 0 | 0,00% |
| Куманово | 2 | 1,69% |
| Липково | 0 | 0,00% |
| Лозово | 0 | 0,00% |
| Маврово и Ростуше | 0 | 0,00% |
| Македонска Каменица | 0 | 0,00% |
| Македонски Брод | 0 | 0,00% |
| Могила | 0 | 0,00% |
| Неготино | 1 | 0,85% |
| Новаци | 0 | 0,00% |
| Ново Село | 1 | 0,85% |
| Охрид | 4 | 3,39% |
| Петровец | 0 | 0,00% |
| Пехчево | 0 | 0,00% |
| Пласница | 0 | 0,00% |
| Прилеп | 6 | 5,08% |
| Пробиштип | 0 | 0,00% |
| Радовиш | 0 | 0,00% |
| Ранковце | 0 | 0,00% |
| Ресен | 0 | 0,00% |
| Росоман | 0 | 0,00% |
| Сарај | 0 | 0,00% |
| Свети Николе | 1 | 0,85% |
| Сопиште | 0 | 0,00% |
| Старо Нагоричане | 0 | 0,00% |
| Струга | 1 | 0,85% |
| Струмица | 1 | 0,85% |
| Студеничани | 0 | 0,00% |
| Теарце | 0 | 0,00% |
| Тетово | 2 | 1,69% |
| Центар Жупа | 0 | 0,00% |
| Центар | 27 | 22,88% |
| Чаир | 0 | 0,00% |

| | | |
|---|---|---|
| Чашка | 0 | 0,00% |
| Чешиново-Облешево | 0 | 0,00% |
| Чучер-Сандево | 0 | 0,00% |
| Штип | 6 | 5,08% |
| Шуто Оризари | 0 | 0,00% |
| Нема одговор | 10 | 8,47% |

Сто компании што учествуваа во анкетата ја навеле локацијата на нивното седиште. Одговорите покажуваат дека овие компании потекнуваат од 25 општини. Очекувано, повеќето од компаниите што одговориле доаѓаат од урбаните области.

4. **Во кој економски сектор работи Вашата компанија според Националната класификација на дејности?** (Изберете еден одговор).
    - Список на дејностите според Националната класификација на дејности.

На компаниите им беше понуден список за да изберат од 99 дејности од Националната класификација на дејности. На ова прашање одговорија 106 компании. Тие се занимаваат со 48 различни дејности од списокот.

Повеќето од компаниите што учествуваа во анкетата се занимаваат со дејности поврзани со производство на прехранбени производи, финансиски услуги и осигурување, производство на метални производи, производство на облека, трговија на големо итн.

5. **Каде е претежно насочено работењето на Вашата компанија?**
    - домашниот пазар
    - странските пазари

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Домашниот пазар | 70 | 65,42% |
| Странските пазари | 37 | 34,58% |
| | 107 | 100,00% |

Приближно две третини од компаниите што одговориле се компании кои претежно работат на домашниот пазар, додека една третина се компании кои се фокусираат на странските пазари. Ова е широк одраз на македонската економија каде што мнозинството од компаниите не извезуваат, но гласот на извозниците исто така е содржан во одговорите. Следствено, структурата на компаниите од оваа гледна точка нуди добра основа за добивање значајни одговори.

6. **Доколку работењето на Вашата компанија е претежно насочено кон домашниот пазар, колкав процент од вкупните приходи на Вашата компанија доаѓа од наплата на средства од јавниот сектор на кој сте му продале некаков производ или услуга?**
    - до 10%
    - меѓу 10 и 25%
    - меѓу 25 и 50%
    - повеќе од 50%

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| До 10% | 79 | 74,53% |
| Меѓу 10 и 25% | 16 | 15,09% |
| Меѓу 25 и 50% | 6 | 5,66% |
| Повеќе од 50% | 5 | 4,72% |
| | 106 | 100,00% |

Со оглед на претходното прашање каде што мнозинството од компаниите кои одговориле на анкетата се компании претежно фокусирани на домашниот пазар, беше логично да се види до кој степен нивното работење зависи од деловните односи со јавниот сектор. Одговорите на ова прашање покажуваат дека кај три четвртини од компаниите, приходите од трансакции со јавниот сектор претставуваат само до 10 проценти од вкупните приходи на компаниите.

7. **Како лице кое ги одговара прашањата од оваа анкета, која е Вашата работна позиција?**
    - управител/генерален директор/претседател на Управниот одбор
    - дел од раководството на Вашата компанија
    - лице одговорно за усогласеност со прописите
    - лице одговорно за интегритет во компанијата
    - друга позиција

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Управител/генерален директор/претседател на Управниот одбор | 75 | 69,44% |
| Дел од раководството на Вашата компанија | 25 | 23,15% |
| Лице одговорно за усогласеност со прописите | 3 | 2,78% |
| Лице одговорно за интегритет во компанијата | 0 | 0,00% |
| Друга позиција | 5 | 4,63% |
| | 108 | 100,00% |

Ова е многу важно прашање, бидејќи не е важно само колку одговори ќе добиете од една анкета, туку и кој ги дал одговорите. Во тој поглед, анкетата има многу

ретка карактеристика што ја прави супериорна во споредба со другите анкети што го вклучуваат приватниот деловен сектор. Извонредно е што скоро 70 проценти од сите поединци што одговориле на анкетата биле високи раководители во нивните компании, односно управители, генерални директори или претседатели на Управниот одбор. Дополнително, 23 проценти од оние што одговориле на ова прашање биле дел од раководството на нивната компанија. Ова значи дека 92,5 проценти од сите што одговориле биле дел од раководството на нивните компании. Ова им дава огромна релевантност на одговорите добиени од анкетата, бидејќи овие поединци се единствените кои ги имаат сите информации во рамки на компаниите за секој случај на коруптивни барања и се најрелевантни да дадат одговори.

### 4.2. Искуства со изложеност на коруптивни барања

8. **Според Вас, на листа од десет најважни проблеми што треба да се решат за подобро работење на приватниот деловен сектор во земјава, каде би го сместиле проблемот со корупцијата?** (Изберете еден одговор).
   - на едно од првите три места
   - меѓу четвртото и седмото место
   - меѓу осмото и десеттото место
   - не е на листата на десетте најважни проблеми што треба да се решат

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| На едно од првите три места | 70 | 83,33% |
| Меѓу четвртото и седмото место | 10 | 11,90% |
| Меѓу осмото и десеттото место | 2 | 2,38% |
| Не е на листата на десетте најважни проблеми што треба да се решат | 2 | 2,38% |
| | 84 | 100,00% |

Одговорите на ова прашање покажуваат колку е важна борбата против корупцијата за приватниот деловен сектор. За фасцинантни 83,3 проценти од сите што одговориле на ова прашање, корупцијата е еден од трите најважни проблеми што треба да се решат за подобро функционирање на компаниите. Ако ова малку се прошири така што се додадат одговорите кои ја позиционираат борбата против корупцијата помеѓу четвртото и седмото место, тогаш имаме вкупно 95,2 проценти од компаниите што одговориле, кои укажуваат дека корупцијата е еден од седумте најголеми проблеми за економијата на земјата.

Ова укажува дека приватниот деловен сектор се придружува на остатокот од економските чинители во земјата (домаќинствата, владата) и претставниците на

меѓународната заедница во оценувањето на борбата против корупцијата како врвен приоритет за развојот на земјата и економијата. Во суштина, постои консензус во земјата за потребата од справување со корупцијата.

9. **Дали Вашата компанија се соочила директно или индиректно со случаи на коруптивни барања од јавниот сектор во 2023 година?**
    - да
    - не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 44 | 53,01% |
| Не | 39 | 46,99% |
| | 83 | 100,00% |

Ова е прашање од критична важност, едно од најважните во анкетата. Имаше значителен сомнеж за тоа до кој степен компаниите би биле подготвени да зборуваат отворено за корупцијата и коруптивните барања со кои се соочиле во 2023 година. Доста охрабрува што голем број од нив одлучиле да споделат дека се соочиле со коруптивни барања минатата година.

Анкетата покажува дека нешто повеќе од половина од компаниите кои одговориле на анкетата се соочиле со коруптивни барања во 2023 година. Ова може да се смета како потврда за размерите на корупцијата во земјата. Многу е важно да се истакне дека тука зборуваме за вистинско искуство со коруптивни барања, а не за перцепција за корупцијата!

Дополнителната анализа преку вкрстено табелирање покажува дека колку е поголема компанијата, со толку повеќе коруптивни барања се соочила. Во групата на компании кои одговориле „да“ на ова прашање, 40,9 проценти се големи компании, 29,5 проценти се средни компании, 15,9 проценти се мали компании, а 13,6 проценти се микро-компании.

Дополнително, анализирајќи ја секоја група посебно, во сите групи мнозинството компании се соочиле со коруптивни барања (60 проценти од големите компании, 60 проценти од микро-компаниите и 54,1 процент од средните компании), со исклучок на малите компании (36,8 проценти).

Направена е и анализа преку вкрстено табелирање во однос на доминантниот фокус на компаниите, на домашниот или странскиот пазар. Две третини од одговорите „да“ на ова прашање доаѓаат од компании фокусирани на домашниот пазар.

10. **На кое ниво во рамки на јавниот сектор е субјектот од кој Вашата компанија добила коруптивно барање во 2023 година?** (Може да се избере повеќе од еден одговор).

- на ниво на централна државна власт (министерства, институции, агенции и сл.)
- на ниво на локална државна власт (општини)
- компанијата не се соочила со коруптивно барање

| **Понудени одговори** | **Број на одговори** | **Удел во вкупните одговори** |
|---|---|---|
| На ниво на централна државна власт (министерства, институции, агенции и сл.) | 32 | 38,55% |
| На ниво на локална државна власт (општини) | 9 | 10,84% |
| Компанијата не се соочила со коруптивно барање | 42 | 50,60% |
| | 83 | 100,00% |

Анкетата покажува дека коруптивните барања значително повеќе се појавиле на ниво на централната државна власт во 2023 година. Можеби причината за ова е што компаниите имаат многу поголем обем на редовни трансакции со институциите на централната власт, така што „просторот за коруптивни барања“ е поголем на тоа ниво. Ова е показател дека напорите за борба против корупцијата во наредниот период треба првенствено да се насочат кон институциите на централната државна власт.

11. **Колку пати се соочила Вашата компанија со коруптивни барања од страна на субјект од јавниот сектор во 2023 година?** (Изберете еден одговор).
    - ниту еднаш
    - еднаш
    - меѓу два и пет пати
    - меѓу шест и десет пати
    - повеќе од десет пати

| **Понудени одговори** | **Број на одговори** | **Удел во вкупните одговори** |
|---|---|---|
| Ниту еднаш | 42 | 50,60% |
| Еднаш | 8 | 9,64% |
| Меѓу два и пет пати | 25 | 30,12% |
| Меѓу шест и десет пати | 5 | 6,02% |
| Повеќе од десет пати | 3 | 3,61% |
| | 83 | 100,00% |

Половина од компаниите кои одговориле на ова прашање не се соочиле со коруптивни барања од субјект од јавниот сектор во 2023 година. Кај оние кои имале такво искуство, најчесто наведената зачестеност е меѓу два и пет пати во

текот на годината. Ова може да укажува дека оние од јавниот сектор кои поставуваат коруптивни барања веројатно се обидуваат да го распределат „товарот“ на релативно повеќе компании наместо да го концентрираат на мал број компании со висока зачестеност на барања.

Анализата преку вкрстено табелирање во однос на големината на компаниите покажува дека во групата со најчесто избраната зачестеност (2 до 5 пати) најголемиот дел од одговорите доаѓаат од големите компании (37,5 проценти), потоа од малите компании (29,2 проценти), средните компании (20,8 проценти) и микро-компаниите (12,5 проценти). Интересно е што 100 проценти од малите компании одговориле дека се соочиле со коруптивни барања со зачестеност од 2 до 5 пати и тоа била единствената фреквенција која ја избрале во нивните одговори.

12. **Во каква форма било коруптивното барање од субјект од јавниот сектор со кое се соочила Вашата компанија во 2023 година?** (Може да се избере повеќе од еден одговор).
    - ви биле побарани пари
    - ви бил побаран подарок
    - ви била побарана услуга
    - ви било побарано да вработите некое лице
    - ви било побарано да унапредите некој вработен од Вашата компанија
    - ви било побарано да дадете (предизборна) донација на политичка партија
    - друго
    - компанијата не се соочила со коруптивно барање

| **Понудени одговори** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Ви биле побарани пари | 26 |
| Ви бил побаран подарок | 15 |
| Ви била побарана услуга | 17 |
| Ви било побарано да вработите некое лице | 7 |
| Ви било побарано да унапредите некој вработен од вашата компанија | 1 |
| Ви било побарано да дадете (предизборна) донација на политичка партија | 9 |
| Друго | 8 |
| Компанијата не се соочила со коруптивно барање | 40 |

Ова е едно од прашањата кои дозволуваа избор на повеќе од еден одговор. Бројот на одговори укажува дека истите компании се соочиле со различни форми на коруптивни барања. Разновидноста на формите на коруптивни барања може да укаже дека различни вработени во јавниот сектор имаат различни „преференции“. Како што се очекуваше, најчести се коруптивните барања за пари, а по нив следат барањата за услуга и подарок.

Анализата преку вкрстено табелирање покажа дека кога станува збор за пари како форма на коруптивно барање, овој одговор најчесто го избирале големите компании (38,5 проценти од сите такви одговори), додека во втората најчеста форма на коруптивно барање – подарок, најголемиот дел од одговорите доаѓаат од средните компании (42,9 проценти) и малите компании (28,6 проценти). Кога станува збор за коруптивно барање во форма на услуга, најголемиот дел од одговорите доаѓаат од средните компании (41,2 проценти) и големите компании (35,3 проценти).

13. **Кога Вашата компанија се соочила со коруптивно барање од субјект од јавниот сектор во 2023 година тогаш тоа....**
    - било директно побарано од Вашата компанија
    - не било побарано директно, но било јасно укажано дека се очекува да бидат дадени пари, подарок, услуга и сл.
    - компанијата не се соочила со коруптивно барање

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Било директно побарано од Вашата компанија | 14 | 16,87% |
| Не било побарано директно, но било јасно укажано дека се очекува да бидат дадени пари, подарок, услуга и сл. | 28 | 33,73% |
| Компанијата не се соочила со коруптивно барање | 41 | 49,40% |
| | 83 | 100,00% |

Од оние компании кои се соочиле со коруптивно барање во 2023 година, две третини не добиле директно барање да дадат тоа што се барало од нив, туку добиле јасно укажување дека тоа се очекува од нив. Ова може да укаже дека претставниците на јавниот сектор се внимателни при поставување на коруптивните барања и претпочитаат да ги поставуваат индиректно наместо директно.

14. **Кога сте се соочиле со коруптивно барање од субјект од јавниот сектор во 2023 година, тоа се случило додека Вашата компанија била во...**
    (Може да се избере повеќе од еден одговор).

- тендерска постапка при јавна набавка
- постапка за добивање на некаква дозвола, одобрение и сл.
- постапка на јавното обвинителство
- судска постапка
- инспекциска постапка
- ревизорска постапка
- царинска постапка
- даночна постапка
- катастарска постапка
- друга ситуација
- компанијата не се соочила со коруптивно барање

| Понудени одговори | Број на одговори |
|---|---|
| тендерска постапка при јавна набавка | 11 |
| постапка за добивање на некаква дозвола, одобрение и сл. | 23 |
| постапка на јавното обвинителство | 0 |
| судска постапка | 6 |
| инспекциска постапка | 12 |
| ревизорска постапка | 0 |
| царинска постапка | 11 |
| даночна постапка | 6 |
| катастарска постапка | 3 |
| друга ситуација | 10 |
| компанијата не се соочила со коруптивно барање | 41 |

Ова е прашање каде може да се изберат повеќе одговори. Одговорите покажуваат дека компаниите се соочиле со коруптивно барање во седум од деветте можни ситуации, исто така посочувајќи со десет одговори дека има и други ситуации кои не се посебно идентификувани, со избирање на одговорот „друго“.

Можеби не изненадува што компаниите укажуваат на постапката за добивање на дозвола или одобрение како ситуација во која најмногу се соочиле со коруптивно барање. Другите две ситуации, како што се тендерските постапки при јавни набавки и царинските постапки, се само малку помалку „претставени“ како ситуации поврзани со коруптивно барање од субјект од јавниот сектор.

Кога станува збор за постапката за добивање дозвола, одобрение и сл., тоа е ситуација која ги засега сите компании, без оглед на нивната големина. Анализата преку вкрстено табелирање покажува дека од сите одговори кои ја

избрале оваа ситуација, 36,4 проценти од одговорите доаѓаат од големите компании, 27,3 проценти од средни компании, 22,7 проценти од мали компании и 13,6 проценти од микро-компании.

15. **Колкав е вкупниот годишен износ на пари или вредност на подарок/услуга, што бил побаран од Вашата компанија во форма на коруптивно барање во 2023 година?**
    - помалку од илјада евра
    - меѓу 1 и 10 илјади евра
    - меѓу 11 и 50 илјади евра
    - меѓу 51 и 100 илјади евра
    - повеќе од 100 илјади евра
    - компанијата не се соочила со коруптивно барање

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Помалку од илјада евра | 6 | 7,23% |
| Меѓу 1 и 10 илјади евра | 21 | 25,30% |
| Меѓу 11 и 50 илјади евра | 6 | 7,23% |
| Меѓу 51 и 100 илјади евра | 3 | 3,61% |
| Повеќе од 100 илјади евра | 5 | 6,02% |
| Компанијата не се соочила со коруптивно барање | 42 | 50,60% |
| | 83 | 100,00% |

Одговорите на ова прашање покажуваат дека огромно мнозинство од оние компании кои се соочиле со коруптивно барање, добиле барања во износ од 1 до 10 илјади евра. Исто така, важно е дека постоеле коруптивни барања во износи помеѓу 51 и 100 илјади евра, како и над 100 илјади евра (заедно претставуваат приближно 10 проценти од сите одговори или 20 проценти од компаниите кои се соочиле со коруптивно барање во 2023 година).

Вкрстеното табелирање покажува дека во најчесто избраната категорија (меѓу 1 и 10 илјади евра), средните компании и малите компании имале удел од по 30 проценти во вкупните такви одговори, додека групите на големи компании и на микро-компании имале удел од по 20 проценти.

16. **Доколку се работи за коруптивно барање поврзано со доделување договор за јавна набавка во 2023 година, колкав бил процентот од износот на јавната набавка што бил (неофицијално) побаран да го платите?**
    - до 2% од вредноста на договорот

- меѓу 2 и 5% од вредноста на договорот
- меѓу 6 и 10% од вредноста на договорот
- меѓу 11 и 20% од вредноста на договорот
- повеќе од 20% од вредноста на договорот
- компанијата не учествувала на тендер за јавна набавка во 2023 година

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| До 2% од вредноста на договорот | 4 | 4,88% |
| Меѓу 2 и 5% од вредноста на договорот | 1 | 1,22% |
| Меѓу 6 и 10% од вредноста на договорот | 8 | 9,76% |
| Меѓу 11 и 20% од вредноста на договорот | 4 | 4,88% |
| Повеќе од 20% од вредноста на договорот | 3 | 3,66% |
| Компанијата не учествувала на тендер за јавна набавка во 2023 година | 62 | 75,61% |
| | 82 | 100,00% |

Три четвртини од компаниите што одговориле на ова прашање не учествувале во тендер за јавна набавка во 2023 година. Поголемиот дел од тие компании што учествувале во таква постапка посочиле дека им било побарано да платат меѓу 6 и 10 проценти од вредноста на договорот. Има дури и неколку случаи кога од компаниите било побарано да платат повеќе од 20 проценти од вредноста на договорот. Ова укажува дека тендерите за јавни набавки се перципираат од јавните институции како „алатка“ за значителни лични придобивки.

17. **Дали презедовте нешто во врска со корупттивно барање со кое сте се соочиле во 2023 година?** (Може да се избере повеќе од еден одговор).
    - да, пријавив во полиција
    - да, поднесов судска тужба
    - да, пријавив официјално до вработен на повисока функција во рамки на субјектот од јавниот сектор
    - да, информирав претставник на медиум
    - да, ја информирав Државната комисија за спречување на корупција

- да, информирав претставник на странско дипломатско-конзуларно претставништво во земјава
- не презедов ништо затоа што сметам дека прифаќањето на вакво барање не е корупција туку е изразување благодарност
- не презедов ништо затоа што сметам дека е вообичаено да се даде нешто
- не презедов ништо
- компанијата не се соочила со коруптивно барање

| **Понудени одговори** | **Број на одговори** |
|---|---|
| Да, пријавив во полиција | 0 |
| Да, поднесов судска тужба | 1 |
| Да, пријавив официјално до вработен на повисока функција во рамки на субјектот од јавниот сектор | 4 |
| Да, информирав претставник на медиум | 3 |
| Да, ја информирав Државната комисија за спречување корупција | 1 |
| Да, информирав претставник на странско дипломатско-конзуларно претставништво во земјава | 3 |
| Не презедов ништо затоа што сметам дека прифаќањето на вакво барање не е корупција туку е изразување благодарност | 2 |
| Не презедов ништо затоа што сметам дека е вообичаено да се даде нешто | 6 |
| Не презедов ништо | 31 |
| Компанијата не се соочила со коруптивно барање | 43 |

Ова е прашање каде компаниите можеа да изберат неколку одговори. Сериозен показател е дека 31 од компаниите што се соочиле со коруптивно барање не презеле никакво дејство. Тие што навистина се обиделе нешто да направат, презеле само 12 дејства, најчесто пријавувајќи на повисоко позициониран претставник на јавната институција, информирајќи медиуми или претставници на амбасади/конзулати. Нема пријавување до полицијата. Ова покажува голем недостиг на доверба во сегашната поставеност на можностите за борба против корупцијата. Индикативно е што има 6 одговори кои го оправдуваат непостапувањето при соочување со коруптивно барање, сметајќи го давањето нешто како вообичаена работа.

18. **Дали сметате дека постојат пречки за пријавување случаи на корупција во Вашата деловна средина?** (Може да се избере повеќе од еден одговор).

- да, се плашам од негативни последици по бизнисот
- да, пријавувањето одзема многу време и енергија
- да, не знам кому да се обратам
- да, не верувам дека ќе има ефект доколку некаде пријавам
- не постојат пречки за пријавување

| Понудени одговори | Број на одговори |
|---|---|
| Да, се плашам од негативни последици по бизнисот | 39 |
| Да, пријавувањето одзема многу време и енергија | 14 |
| Да, не знам кому да се обратам | 13 |
| Да, не верувам дека ќе има ефект доколку некаде пријавам | 42 |
| Не постојат пречки за пријавување | 23 |

Ова е прашање што им овозможува на компаниите повеќе одговори. Следејќи ги одговорите на претходното прашање дека компаниите што се соочиле со коруптивно барање не презеле речиси никакво дејство за да го пријават и сл., беше важно да се види која е причината за таквото однесување на компаниите. Одговорите на ова прашање покажуваат дека компаниите главно не веруваат дека пријавувањето би произвело некаков ефект и се плашат од негативни последици за бизнисот доколку пријават. Затоа, од критично значење е зајакнување на системот за борба против корупцијата со цел пријавувањето коруптивно барање да се смета за логичен чекор за компаниите секогаш кога ќе се соочат со такво барање.

Важно е што некои компании не гледаат пречки за пријавување на коруптивното барање. Сепак, има компании кои не знаат кому треба да пријават. Ова укажува на можност за дејствување и подобрување на таквиот недостиг на знаење.

**19. Дали сте имале застој во бизнисот во 2023 година затоа што не сте прифатиле коруптивно барање од субјект од јавниот сектор?**

- да
- не
- сме немале коруптивно барање

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 23 | 27,71% |
| Не | 25 | 30,12% |
| Сме немале коруптивно барање | 35 | 42,17% |
| | 83 | 100,00% |

Компаниите кои се соочиле со коруптивно барање од јавен субјект, но не го прифатиле, укажуваат на различни последици од таквото постапување. Тие се речиси подеднакво поделени. Околу половина од нив одговориле дека нивниот бизнис доживеал застој поради неприфаќањето на коруптивното барање, додека другата половина го изјавила спротивното.

20. **Како се манифестирал застојот во бизнисот на Вашата компанија поради неприфаќање на коруптивно барање од субјект од јавниот сектор во 2023 година?** (Може да се избере повеќе од еден одговор).
    - се пролонгирала Вашата планирана деловна активност (деловна инвестиција, производство, увоз, извоз итн.)
    - сте имале финансиски трошок
    - друго
    - сме немале коруптивно барање

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Се пролонгирала Вашата планирана деловна активност (деловна инвестиција, производство, увоз, извоз итн.) | 20 | 24,10% |
| Сте имале финансиски трошок | 11 | 13,25% |
| Друго | 11 | 13,25% |
| Сме немале коруптивно барање | 41 | 49,40% |
| | 83 | 100,00% |

Ова е прашање каде што компаниите можеа да изберат повеќе од еден одговор. Одговорите покажуваат дека компаниите кои не прифатиле коруптивно барање најмногу страдале поради пролонгирање на планираната деловна активност, без разлика дали се работи за планирана деловна инвестиција, производство, увоз, извоз итн. Исто така, тие имале финансиски трошоци или се соочиле со други форми на застој на нивниот бизнис.

21. **Кога зборуваме за компании што се слични на Вашата или кои работат во истиот сектор, дали тие се соочиле директно со случаи на коруптивни барања од јавниот сектор во 2023 година?**
    - да
    - не
    - не знам

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 28 | 33,33% |
| Не | 2 | 2,38% |
| Не знам | 54 | 64,29% |
| | 84 | 100,00% |

Претпоставката беше дека некои од компаниите вклучени во пополнувањето на анкетата можеби ќе се двоумат да дадат директни одговори на многу директни прашања. Затоа, во анкетата беа внесени неколку прашања каде компаниите беа замолени да дадат одговори поврзани со други компании слични на нив или во истата дејност. Очекувањето беше дека со давање одговори за другите компании, индиректно, ќе дадат повеќе информации и за себе.

Како што се очекуваше, најголемиот дел (речиси две третини) од компаниите наведоа дека не знаат за другите компании во истата дејност. Сепак, значајна една третина од компаниите потврдија дека други компании слични на нив или во истата дејност се соочиле директно со коруптивни барања од јавниот сектор во 2023 година.

Важноста на ваквите одговори е што тие покажуваат дека корупцијата може да е дури и поголема од она што е прикажано само од компаниите кои одговориле на оваа анкета. Може да се претпостави дека ако тие „други“ компании, слични или во истата дејност, исто така одговориле на оваа анкета, одговорите најверојатно би го потврдиле тоа.

22. **Во каква форма се манифестирало коруптивното барање од субјект од јавниот сектор во 2023 година со кое се соочиле компании што се слични на Вашата или кои работат во истиот сектор?** (Може да се избере повеќе од еден одговор).
    - им биле побарани пари
    - им бил побаран подарок
    - им била побарана услуга
    - им било побарано да вработат некое лице
    - им било побарано да унапредат некој вработен од нивната компанија
    - им било побарано да дадат (предизборна) донација на политичка партија
    - друго
    - компаниите не се соочиле со коруптивно барање
    - не знам

| Понудени одговори | Број на одговори |
|---|---|
| Им биле побарани пари | 21 |
| Им бил побаран подарок | 10 |
| Им била побарана услуга | 14 |
| Им било побарано да вработат некое лице | 9 |
| Им било побарано да унапредат некој вработен од нивната компанија | 2 |
| Им било побарано да дадат (предизборна) донација на политичка партија | 7 |
| Друго | 4 |
| Компаниите не се соочиле со коруптивно барање | 4 |
| Не знам | 53 |

Ова е прашање за кое компаниите можеа да изберат повеќе од еден одговор. Најчесто избраниот одговор беше „не знам“. Но, компаниите наведоа дека оние други компании, слични или во истата дејност, најчесто се соочиле со коруптивни барања поврзани со пари, услуга или подарок. Не само тоа, истакнат е широк спектар на други форми на коруптивни барања.

Може да се тврди дека не само знаењето дали другите компании се соочиле со коруптивни барања, туку и знаењето во која конкретна форма биле тие, е нешто што може да се перципира како потврда дека корупцијата може да е поголема.

23. **Кога компании што се слични на Вашата или кои работат во истиот сектор се соочиле со коруптивно барање од субјект од јавниот сектор во 2023 година, тие компании биле во.....** (Може да се избере повеќе од еден одговор).
    - тендерска постапка при јавна набавка
    - постапка за добивање на некаква дозвола, одобрение и сл.
    - постапка на јавното обвинителство
    - судска постапка
    - инспекциска постапка
    - ревизорска постапка
    - царинска постапка
    - даночна постапка
    - катастарска постапка
    - друга ситуација
    - компаниите не се соочила со коруптивно барање
    - не знам

| Понудени одговори | Број на одговори |
| --- | --- |
| Тендерска постапка при јавна набавка | 16 |
| Постапка за добивање на некаква дозвола, одобрение и сл. | 22 |
| Постапка на јавното обвинителство | 2 |
| Судска постапка | 5 |
| Инспекциска постапка | 7 |
| Ревизорска постапка | 1 |
| Царинска постапка | 12 |
| Даночна постапка | 5 |
| Катастарска постапка | 5 |
| Друга ситуација | 6 |
| Компанијата не се соочила со коруптивно барање | 2 |
| Не знам | 52 |

Ова е прашање кое дозволува избор на повеќе од еден одговор. „Областите“ во кои другите компании се соочиле со коруптивни барања се многу слични (постапка за добивање дозвола, одобрение, царинска постапка, тендерска постапка при јавни набавки) со оние кои компаниите ги наведоа за себе. Повторно, како и во претходното прашање, разновидноста на избраните одговори за други слични компании или компании во истата дејност може да послужи како силен показател за поседување конкретно знаење за тие компании.

24. **Колкав е вкупниот годишен износ на пари или вредност на подарок/услуга што им е побаран од субјект од јавниот сектор во форма на коруптивно барање во 2023 година на компании што се слични на Вашата или кои работат во истиот сектор?**
    - помалку од илјада евра
    - меѓу 1 и 10 илјади евра
    - меѓу 11 и 50 илјади евра
    - меѓу 51 и 100 илјади евра
    - повеќе од 100 илјади евра
    - не знам

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Помалку од илјада евра | 1 | 1,20% |
| Меѓу 1 и 10 илјади евра | 12 | 14,46% |
| Меѓу 11 и 50 илјади евра | 3 | 3,61% |
| Меѓу 51 и 100 илјади евра | 3 | 3,61% |
| Повеќе од 100 илјади евра | 4 | 4,82% |
| Не знам | 60 | 72,29% |
| | 83 | 100,00% |

Повеќето компании наведоа дека не знаат за износот на пари или вредноста на подарокот/услугата што може да биде побарана од јавниот сектор на компании слични на нив или од истата дејност. Но, оние што знаат го наведуваат истиот опсег (меѓу 1 и 10 илјади евра) како најчест, како што беше и случајот со одговорите за нивното сопствено искуство.

**25. Дали мислите дека учеството во коруптивен настан, преку прифаќање на коруптивно барање или преку нудење поткуп, е важно за опстанокот на некои компании на македонскиот пазар?**

- да, без тоа би пропаднале
- не, тоа само им помага, не би пропаднале
- воопшто не е важно

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да, без тоа би пропаднале | 29 | 34,94% |
| Не, тоа само им помага, не би пропаднале | 29 | 34,94% |
| Воопшто не е важно | 25 | 30,12% |
| | 83 | 100,00% |

Целта на ова прашање е да се добие увид во мислењето на компаниите за релативната важност на (не)прифаќањето на коруптивно барање или нудењето поткуп за идното работење на компаниите.

Одговорите се речиси рамномерно поделени во три групи. Триесет и пет проценти (35%) од компаниите кои одговориле веруваат дека (не)прифаќањето на коруптивно барање е прашање на живот или смрт за нив. Ист процент од компаниите придаваат помала важност на ова прашање, истакнувајќи дека тоа

е важно прашање, но не до степен компаниите дека би „умреле“ поради тоа. За 30 проценти од компаниите, ова не е важно прашање.

Така што, во крајна линија, приближно две третини од компаниите не го перципираат (не)прифаќањето на коруптивно барање како прашање со потенцијални фатални последици за опстанокот на компаниите.

### 4.3. Борба против корупцијата

26. **Како го објаснувате постоењето на корупција во С.Македонија?** (Може да се избере повеќе од еден одговор).
    - платите на службениците во јавниот сектор се ниски
    - во моментот постои морална криза во нашето општество
    - нашето законодавство/закони за борба против корупцијата се слаби
    - постојат проблеми со корупцијата наследени од минатото
    - судскиот систем е неефективен во борбата против корупцијата
    - тие што се на власт посакуваат брзо лично богатење
    - недостига строга административна контрола на корупцијата
    - корупцијата е специфична карактеристика на нашата култура
    - постои преклопување на службените обврски и личните интереси
    - законите не се спроведуваат во земјата
    - законската заштита на лицата кои пријавуваат корупција е неефикасна

| Понудени одговори | Број на одговори |
|---|---|
| Платите на службениците во јавниот сектор се ниски | 23 |
| Во моментот постои морална криза во нашето општество | 56 |
| Нашето законодавство/закони за борба против корупцијата се слаби | 35 |
| Постојат проблеми со корупцијата наследени од минатото | 24 |
| Судскиот систем е неефективен во борбата против корупцијата | 57 |
| Тие што се на власт посакуваат брзо лично богатење | 57 |
| Недостига строга административна контрола на корупцијата | 38 |
| Корупцијата е специфична карактеристика на нашата култура | 10 |
| Постои преклопување на службените обврски и личните интереси | 18 |
| Законите не се спроведуваат во земјата | 53 |
| Законската заштита на лицата кои пријавуваат корупција е неефикасна | 42 |

Компаниите можеа да изберат повеќе од еден одговор на ова прашање.

Ова е многу важно прашање бидејќи покажува што приватниот деловен сектор смета дека се причините за корупцијата во земјата. Овие ставови се важни затоа што можат да сугерираат и области за создавање решенија.

Одговорите покажуваат дека приватниот деловен сектор смета дека главните причини за корупцијата се неефективноста на судскиот систем во борбата против корупцијата, желбата на оние на власт да се збогатат брзо, моралната криза во општеството и фактот што законите не се спроведуваат во земјата.

До некаде е изненадувачки што се смета дека најмалку важна причина за корупцијата е дека корупцијата е специфична карактеристика на нашата култура.

27. **Кое од следните мислења е најблиску до Вашето мислење во однос на корупцијата во С.Македонија?** (Изберете еден одговор).
    - широко распространетата корупција не може да се намали
    - корупцијата секогаш ќе постои, но може да се ограничи до одреден степен
    - корупцијата може значително да се намали
    - корупцијата може да се отстрани

| **Понудени одговори** | **Број на одговори** | **Удел во вкупните одговори** |
|---|---|---|
| Широко распространетата корупција не може да се намали | 4 | 5,13% |
| Корупцијата секогаш ќе постои, но може да се ограничи до одреден степен | 20 | 25,64% |
| Корупцијата може значително да се намали | 46 | 58,97% |
| Корупцијата може да се отстрани | 8 | 10,26% |
| | **78** | 100,00% |

Ова е едно од најважните прашања во анкетата. Одговорите на ова прашање укажуваат на степенот на надеж на приватниот деловен сектор дека корупцијата може успешно да се совлада.

Мошне е охрабрувачки што само 5,1 процент од сите компании кои одговориле на ова прашање веруваат дека корупцијата во земјата не може да се намали. Преостанатите 94,9 проценти веруваат дека корупцијата може да се намали, со тоа што нивните гледишта варираат само во однос на степенот до кој тие сметаат дека може да се постигне тоа.

Најголемиот дел од компаниите (59 проценти) веруваат дека корупцијата може значително да се намали, а 25,6 проценти веруваат дека не може целосно да се елиминира, но може да се ограничи до одреден степен.

Анализата преку вкрстено табелирање покажува дека во рамките на најчесто избраниот одговор дека корупцијата може значително да се намали, најголем дел од одговорите доаѓаат од големите компании (37 проценти), потоа од средните компании (32,6 проценти), малите компании (17,4 проценти) и микро-компаниите (13 проценти).

28. **Дали сте слушнале за Државната комисија за спречување на корупцијата, популарно наречена Антикорупциска комисија**?
    - да
    - не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 76 | 97,44% |
| Не | 2 | 2,56% |
| | **78** | 100,00% |

Целта на ова прашање е да се покаже дали компаниите се свесни за некои од клучните играчи во институционалната поставеност кога станува збор за борбата против корупцијата. Одговорите покажуваат дека 97,4 проценти од сите компании знаат дека постои Државна комисија за спречување на корупцијата, популарно наречена Антикорупциска комисија.

29. **Дали сметате дека битката на македонското општество против корупцијата би била поуспешна доколку:** (Може да се избере повеќе од еден одговор).
    - се направат измени во поставеноста и начинот на функционирање на Државната комисија за спречување на корупцијата
    - се обезбеди јавно произнесување во разумен рок од страна на Јавното обвинителство за секоја поднесена пријава од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, без оглед дали станува збор за отфрлање или прифаќање и процесирање на пријавата
    - се зголемат казните за лица осудени за коруптивни активности
    - се зголеми свеста на сите чинители во општеството за проблемот со корупцијата
    - се зголеми ангажманот на медиумите за прашањето на корупцијата
    - се зголемат активностите на самите компании за заштита на интегритетот во работењето и спречување на корупцијата
    - друго

| Понудени одговори | Број на одговори |
|---|---|
| Се направат измени во поставеноста и начинот на функционирање на Државната комисија за спречување на корупцијата | 33 |
| Се обезбеди јавно произнесување во разумен рок од страна на Јавното обвинителство за секоја поднесена пријава од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, без оглед дали станува збор за отфрлање или прифаќање и процесирање на пријавата | 47 |
| Се зголемат казните за лица осудени за коруптивни активности | 57 |
| Се зголеми свеста на сите чинители во општеството за проблемот со корупцијата | 45 |
| Се зголеми ангажманот на медиумите за прашањето на корупцијата | 33 |
| Се зголемат активностите на самите компании за заштита на интегритетот во работењето и спречување на корупцијата | 37 |
| Друго | 6 |

Ова е прашање кое им овозможува на компаниите да изберат повеќе од еден одговор.

Целта на прашањето е да се тестираат некои од идеите за можни решенија за ефективна борба против корупцијата. Одговорите на компаниите укажуваат дека приватниот деловен сектор претпочита силни, непосредни решенија. Компаниите би сакале да видат зголемени казни за оние кои се осудени за коруптивни активности.

Понатаму, компаниите испраќаат силна порака дека очекуваат секој чинител во општеството да вложи повеќе напори во изградбата на поотпорно општество и деловна средина. Тие би сакале да видат Јавното обвинителство да преземе повеќе одговорности и да биде обврзано да комуницира со јавноста за секоја иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата, без разлика дали таа ќе биде отфрлена или ќе биде спроведена кривична истрага. Исто така, приватниот сектор очекува медиумите да го зголемат својот ангажман во врска со корупцијата.

Интересно е што компаниите не се исклучуваат од одговорноста да направат нешто повеќе од тоа што го прават сега. Тие потврдуваат дека е потребно зајакнување на нивниот бизнис интегритет и нивните механизми за спречување на корупцијата.

Генерално, одговорите на ова конкретно прашање покажуваат дека приватниот сектор го разбира и охрабрува пристапот дека сите разумни чинители во општеството треба да ги здружат силите.

**30. Дали сметате дека постојат доволно мерки за превенција на корупцијата?**

- да
- не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 7 | 8,97% |
| Не | 71 | 91,03% |
| | 78 | 100,00% |

Приватниот деловен сектор во огромна мера верува дека нема доволно мерки за превенција на корупцијата.

**31. Дали во Вашата компанија постојат посебни процедури за спречување на корупцијата?**

- да
- не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 43 | 55,13% |
| Не | 35 | 44,87% |
| | 78 | 100,00% |

Одговорите на компаниите на ова прашање се поделени. Педесет и пет проценти (55%) од компаниите потврдија дека имаат посебни процедури за спречување на корупцијата, додека преостанатите 45 проценти одговорија негативно.

Ова покажува дека има простор за подобрување на поддршката за компаниите во воведувањето на процедури за спречување на корупцијата.

Вкрстеното табелирање ги потврдува очекувањата дека колку е поголема компанијата, толку повеќе такви процедури се воведени. Така, од сите потврдни одговори на прашањето, 45,2 проценти доаѓаат од големите компании, 31 процент од средни компании, 16,7 проценти од мали компании и 7,1 процент од микро-компании.

Анализирани во рамките на секоја група на компании според нивната големина, вкрстеното табелирање покажува дека 65,5 проценти од големите компании имаат такви процедури, 59,1 процент од средните компании, 41,2 проценти од малите компании и 33,3 проценти од микро-компаниите.

32. **Дали Вашата компанија има воведено систем за заштита на интегритетот во своето работење?**
   - да
   - не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 51 | 65,38% |
| Не | 27 | 34,62% |
| | 78 | 100,00% |

Бизнис интегритетот е важен елемент во спречувањето на корупцијата. Две третини од компаниите потврдуваат дека имаат воведено систем за бизнис интегритет. Преостанатата третина од компаниите сè уште немаат воведено таков систем, но планираат да се осврнат на тоа во иднина.

Што се однесува до големината на компаниите, од тие што имаат воведено таков систем 46 проценти се големи компании имаат, 26 проценти се средни компании, 16 проценти се мали компании и 12 проценти се микро-компании.

## 4.4. Соработка со Стопанската комора во борбата против корупцијата

33. **Дали би биле заинтересирани да учествувате во обуки за интегритет и подигнување на свеста околу превенција на корупцијата?**
   - да
   - не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 51 | 66,23% |
| Не | 26 | 33,77% |
| | 77 | 100,00% |

Две третини од компаниите изјавиле дека се заинтересирани за учество во обука за интегритет и подигнување на свеста организирана од Стопанската комора. Ваков одговор е даден дури и без да знаат дека овие обуки може да бидат бесплатни за компаниите. Одговорот на компаниите е охрабрувачки за организирањето и спроведувањето на оваа активност од страна на Стопанската комора во претстојниот период.

Вкрстеното табелирање покажува дека во рамките на своите групи, врз основа на нивната големина, мнозинството од компаниите во секоја група е заинтересирано за учество во таква обука (69 проценти од големите компании, 68 проценти од средните компании, 67 проценти од микро-компаниите и 59 проценти од малите компании).

Ќе биде интересно да се види дали компаниите ќе го променат своето мислење и ќе изберат да учествуваат во таква обука откако ќе дознаат дека обуката би била бесплатна.

### 34. Дали сте подготвени да прифатите Кодекс на етички стандарди што би го изработила Стопанската комора?

- да
- не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 76 | 98,70% |
| Не | 1 | 1,30% |
| | 77 | 100,00% |

Изработката на Кодекс на етички стандарди од страна на Стопанската комора е една од активностите на Комората во рамките на проектот. Ова прашање имаше цел да ја тестира подготвеноста на компаниите да прифатат таков Кодекс. Многу е охрабрувачки што 98,7 проценти од компаниите дадоа позитивен одговор на ова прашање.

### 35. Дали сте подготвени да потпишете Декларација за етички принципи во бизнисот изготвена од Стопанската комора?

- да
- не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 70 | 100,00% |
| Не | 0 | 0,00% |
| | 70 | 100,00% |

Многу е добро што сите компании кои одговорија на ова прашање се подготвени да ја потпишат Декларацијата за етички принципи во бизнисот изготвена од Стопанската комора. Ова е една од предвидените активностите што Стопанската комора треба да ги спроведе во рамките на овој проект.

36. **Дали сметате дека институција како Суд на честа во рамки на Стопанската комора може да помогне во зголемување на нивото на интегритет во приватниот деловен сектор?**
   - да
   - не

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Да | 52 | 67,53% |
| Не | 25 | 32,47% |
| | 77 | 100,00% |

Охрабрувачки е што поголемиот дел од компаниите (две третини од сите одговори) веруваат дека Судот на честа во рамките на Стопанската комора се перципира како можен „механизам“ кој може да помогне во борбата против корупцијата. Очекувањата на приватниот деловен сектор, сепак, се релативно помалку оптимистички во споредба со други потенцијални потези на Стопанската комора, како што се Кодексот на етички стандарди или Декларацијата за етички принципи.

### 4.5. Информираност за состојбата со корупцијата според меѓународните мерења

37. **Колку сте информирани за Индексот за перцепција на корупцијата што го изработува меѓународната организација „Трансперенси интернешенел“?**
   - информирани сме дека постои и генерално ги следиме информациите за најновите движења на Индексот
   - информирани сме дека постои, но не ги следиме информациите за движењата на Индексот
   - не сме информирани за Индексот

| Понудени одговори | Број на одговори | Удел во вкупните одговори |
|---|---|---|
| Информирани сме дека постои и генерално ги следиме информациите за најновите движења на Индексот | 19 | 25,00% |
| Информирани сме дека постои, но не ги следиме информациите за движењата на Индексот | 40 | 52,63% |
| Не сме информирани за Индексот | 17 | 22,37% |
| | 76 | 100,00% |

Индексот за перцепцијата за корупцијата што го изработува организацијата „Трансперенси интернешенел" е најважното меѓународно рангирање на земјите во светот. Затоа, приватниот деловен сектор треба да има општи познавања за овој Индекс, за редовното годишно рангирање и воопшто, каде е рангирана земјата во моментов.

Одговорите покажаа дека три четвртини од компаниите се информирани дека постои Индексот, но се разликуваат во степенот до кој ги следат неговите најнови движења. Како што се очекуваше, повеќе од половина од компаниите (52,6 проценти) знаат за Индексот, но не ги следат информациите околу најновите рангирања на земјите. Групата на компании кои не се информирани за индексот е најмала (22,3 проценти од сите компании).

Запознавањето со Индексот за перцепција на корупцијата не е цел само по себе, но им овозможува на сите чинители во борбата против корупцијата (во овој случај приватниот деловен сектор) да го бележат и следат напредокот (или недостигот на напредок) во борбата против корупцијата. Затоа, одговорите на ова прашање покажуваат дека се потребни поголеми напори во иднина за да се задржи информираноста на приватниот деловен сектор.

38. **Од вкупно 180 рангирани земји, на кое место мислите дека се наоѓа С.Македонија на најновата светска ранг-листа на Индексот за перцепција на корупцијата изготвен од „Трансперенси Интернешенел"?** (Земјата што е на прво место има најмалку корупција).
    - на едно од првите 25 места
    - од 26 до 50 место
    - од 51 до 75 место
    - од 76 до 100-то место
    - над 100-то место
    - не знам

| **Понудени одговори** | **Број на одговори** | **Удел во вкупните одговори** |
|---|---|---|
| На едно од првите 25 места | 9 | 12,00% |
| Од 26 до 50 место | 4 | 5,33% |
| Од 51 до 75 место | 5 | 6,67% |
| Од 76 до 100-то место | 28 | 37,33% |
| Над 100-то место | 22 | 29,33% |
| Не знам | 7 | 9,33% |
| | 75 | 100,00% |

Ова прашање не беше наменето за прецизен одговор, туку за да даде индикација за перцепцијата на компаниите колку е голема корупцијата во С.Македонија во споредба со другите земји. Се очекуваше дека сите компании би го „гуглале“ одговорот само за испаднат во право, но тоа не се случи. Очигледно, компаниите дадоа своја непристрасна оцена.

Поголемиот дел од нив (37,3 проценти) го дадоа точниот одговор. Друг голем дел од компаниите (29,3 проценти) имале точно „чувство“ дека земјата не е пласирана подобро од 76-то место, а 24 проценти од компаниите биле преоптимистични дека земјата е рангирана во првите 75 места.

## 5. Заклучоци

Ова се главните заклучоци:

- Анкетата за корупцијата со која се соочува приватниот деловен сектор беше клучна активност на СКСМ во првата година од проектот „Граѓани против корупцијата“. Ќе има повеќе вакви анкети во преостанатиот период од проектот.

- Од техничка гледна точка, анкетата беше добро подготвена, одразувајќи ги напорите на СКСМ во подготвителната фаза. Анкетниот примерок е доволно разнолик во однос на големината на компаниите кои одговорија, деловните сектори/дејностите кои ги претставуваат и географската локација на нивните седишта.

- Важна карактеристика на анкетата е дека одразува реално искуство на компаниите од приватниот деловен сектор, а не нивната перцепција за корупцијата во земјата.

- Имајќи предвид дека ова беше првата анкета спроведена од СКСМ за толку чувствителна тема како корупцијата, анкетата ги надмина очекувањата во однос на одговорот од компаниите и нивната

подготвеност да одговорат отворено на многу директни прашања поставени во анкетата.

- Одговорите добиени преку анкетата се мошне релевантни бидејќи претежно беа дадени од највисоките претставници на компаниите, луѓе кои ги имаат сите релевантни информации потребни за одговарање на вакви прашања во име на нивните компании.

- Корупцијата е прашање од критична важност за приватниот деловен сектор бидејќи таа е рангирана меѓу трите најважни прашања што треба да се решат за да се има добра деловна средина.

- Благо мнозинство од компаниите се соочиле со коруптивни барања од јавниот сектор во 2023 година. Таквите барања претежно доаѓале од централната државна власт. Компаниите најчесто се соочувале со коруптивни барања 2-5 пати во 2023 година, при што најчесто се барале пари, а сумата најчесто била во рамките меѓу 1 и 10 илјади евра. Кај тендерите за јавни набавки коруптивните барања најчесто биле во рамките меѓу 6 и 10 проценти од вредноста на тендерот.

- Коруптивните барања најчесто биле поставувани индиректно и најчесто во рамките на постапка за добивање дозвола, одобрение или сл.

- Имаше слаба реакција од приватниот деловен сектор во врска со коруптивните барања. Ова е поради ниските очекувања дека нешто може да се направи и стравот од последици за бизнисот.

- Компаниите наведуваат доста причини за коруптивните барања, вклучувајќи ја и неефикасноста на судскиот систем итн.

- Што се однесува до иднината, компаниите се оптимистични и веруваат дека корупцијата во земјата може значително да се намали. Во поглед на решенијата за борба против корупцијата, компаниите наведоа многубројни решенија, меѓу кои и активности од страна на компаниите.

- Приватниот деловен сектор ја разбира важноста од вклучување на што повеќе општествени чинители во борбата против корупцијата.

- Што се однесува до идната соработка помеѓу приватниот деловен сектор и СКСМ, охрабрувачки е што компаниите се заинтересирани за здружување на силите во борбата против корупцијата, вклучувајќи следење обука за деловен интегритет, потпишување Декларација за етички принципи, прифаќање Кодекс на етички стандарди итн.